# Колку Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија?



**Северна Македонија бележеше солидно темпо на намалување на сиромаштијата, од 27% во 2010 до 21.9% во 2018 година. Сепак, околу 450 илјади лица живееја под прагот на релативната сиромаштија, додека процентот на лица кои живеат под линијата на апсолутната сиромаштија (под 1.9 долари на ден по лице според паритетот на куповната моќ) изнесуваше околу 4.6%, што е еквивалент на близу 100 илјади лица. Ударот на кризата предизвикана од ширењето на коронавирусот Ковид-19 се чини дека е со широк опфат, но ризикот е поголем кај понискодоходните групи од населението, со оглед дека тие се почесто вработени во ранливи сектори и сектори кои беа погодени од кризата (како трговијата и транспортот), почесто се приматели на социјални трансфери и друг доход кој не доаѓа од труд, почесто се среќаваат во неформалната економија и почесто се приматели на дознаки од странство.**

## Бриф за политиките бр. 43

**Овој бриф за политиките препорачува Министерството за труд и социјална политика да преземе интензивна акција за искористување на потенцијалот на мерката „олеснети услови за гарантирана минимална помош“ преку информирање и зголемување на свесноста за мерката кај потенцијалните корисници. Дополнително, предлагаме времен додаток на ГМП и времено дополнително олеснување на доходниот услов, со цел да се опфатат, покрај најсиромашните, и дел од ранливите слоеви од населението.**

### ПРОБЛЕМ

Кризата предизвикана од ширењето на коронавирусот Ковид-19 примарно удри врз доходот на населението. Губењето на работните места беше со поретка инциденца, во првиот налет поради „чекањето“ на работодавачите да согледаат како кризата ќе се одвива, а потоа значајно помогнато од владините економски мерки против Ковид-19. Клучната од тие мерки – субвенција во износ од 14.500 денари по вработен во компаниите кои искусиле пад поголем од 30% на приходите во периодот април-мај 2020 во однос на истиот период претходната година – ги задржа работниците во формален работен ангажман, иако нивната плата во најпогодените сектори стагнираше или се намали во најкритичните месеци. Нашиот Бриф за политиките бр. 41 „Дали беше неопходна финансиската поддршка на фирмите за задржување на работните места во време на Ковид-19?“ покажа дека мерката помогнала за сочувување на околу 60 илјади работни места, од вкупното покривање од околу 130 илјади работни места, односно без мерката тие веројатно би биле изгубени.
На крајот на вториот квартал, невработеноста се зголеми за само 0.5 процентни поени, на 16.7% од 16.2% на крајот од првиот квартал. Но, податоците за регистрираната невработеност од Агенцијата за вработување на Северна Македонија покажуваат дека невработеноста продолжила да расте со потенцијално засилено темпо во периодот потоа, и дека според овој извор, бројот на нето нови невработени лица во периодот март-август 2020 изнесува околу 37 илјади лица.

За сегментите од населението кои се наоѓаат пониско на скалата на доходот, а кои не се во работен однос преку кој би можеле потенцијално да бидат корисници на мерката „14.500 денари по работник“ – вклучително невработените, примателите на социјалната помош, неформалните вработени и сл., загубите во доходот веројатно се уште поголеми. Според анегдотските докази, значаен сегмент од овие лица се потпираат или на сопствен редок и повремен доход, потоа доход кој го заработуваат на неформален начин, примаат дознаки од роднини во странство; или се потпираат на доходот на вработените членови во семејството кој бил исто така неповолно изложен на кризата. За да ги адресира овие ранливости, во склоп на пакетите економски мерки, владата дизајнираше три клучни мерки:

**1)** Проширување на опсегот на гарантираната минимална помош (ГМП). Олеснувањето на критериумите за влез во системот на ГМП се спроведе преку овозможување оценка на подобноста според доход од претходниот месец наместо од претходните три, како и допуштање сопственост на недвижен имот во кој домаќинството живее, автомобил постар од 5 години и парцела на градежно земјиште помала од 500 м2, што сето тоа ги правеше апликантите неподобни претходно. Дополнително, ГМП малку се прошири и во смисла на износот, со тоа што додатокот за енергија се удвои опфаќајќи 12 наместо само 6 месеци од грејната сезона.

**2)** Олабавување на критериумите за добивање на надоместок за невработеност, што вклучуваше времено проширување на подобноста за сите лица кои изгубиле работа од која било причина (поради лична вина, деловни причини или спогодбен прекин на работениот однос) во март и април 2020. Критериумите за подобност за надомест за невработеност претходно беа значително построги.

**3)** Еднократна парична помош за таргетирани групи од населението, односно вработени со ниски примања, невработени, приматели на социјална помош и студенти во опсегот од 3,000 до 9,000 денари.

## ЦЕЛ

Целта на овој бриф за политиките е да го процени ефектот од проширувањето на опсегот на гарантираната минимална помош врз сиромаштијата овозможено со Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба од 3 април 2020.

## МЕТОДОЛОГИЈА И ПОДАТОЦИ

Методологијата на овој бриф за политиките е повеќеслојна. Се потпираме врз нашиот МК-МОД Модел за даноци и надоместоци изграден и одржуван од Finance Think, кој пак се базира на Анкетата за квалитет на животот 2017 година, која за оваа потреба беше репондерирана да ја рефлектира состојбата во 2019 година, односно непосредно пред почетокот на кризата. Во МК-МОД го симулираме влијанието од Ковид-19 според секторската погоденост во вториот квартал од 2020, според податоците за прометот во индустријата, трговијата и услугите, објавени од Државниот завод за статистика. Според овие податоци, ги рангираме секторите на двоцифрено ниво од НКД Рев.2 на непогодени (1) до силно погодени (4), и потоа ги претпоставуваме следните текови на доходот од плата:

**1)** Сите сектори што се најтешко погодени (4) биле затворени во најкритичните месеци од кризата, како резултат на што вработените добиваат 75% од минималната плата во текот на три месеци, а потоа во другиот период добиваат минимална плата или 60% од нивната пред-Ковид-19 плата;

**2)** Сите сектори што се средно погодени (3) ги намалиле платите за 30% во текот на 3 месеца, а потоа за 20% но не пониско од минималната плата;

**3)** Сите сектори што се средно лесно погодени (2) ги намалиле платите за 20% во текот на 3 месеца, а за другиот период за 10% но не пониско од минималната плата;

**4)** Сите сектори што се лесно погодени (1) не ги намалиле платите;

Како и следните доходи од самовработување:

**1)** Сите самовработени во најтешко погодените сектори (4) загубиле една половина од својот приход во 3 месеца и 20% во другиот период;

**2)** Сите самовработени во средно погодените сектори (3) имаат намален приход за 25% во текот на 3 месеца и 10% во другиот период;

**3)** Сите самовработени во средно лесно погодените сектори (2) имаат намален приход за 10% во текот на 3 месеца и нема намалување во другиот период;

**4)** Сите самовработени во најлесно погодените сектори (1) немаат никакви загуби во приходот.

Дефинираното однесување на доходот од труд кај работниците имплицитно ја зема предвид владината мерка „14.500 денари по работник", со тоа што оневозможуваме доходот на оваа група граѓани да се сведе на нула, односно овозможуваме тој најниско да падне на 75% од минималната плата, што е овозможено со одредбата од Законот за работни односи која овозможува да се исплаќа 50-100% од платата на работникот (и, оттука од минималната плата) ако работата е прекината поради виша сила.

Претпоставуваме дека сите вработени во неформална работа (според постоењето писмен или устен договор) биле сериозно погодени преку намалување на 70% од нивните приходи.

Со оглед дека нашата Анкета за квалитет на животот е прибрана пред воведувањето на реформираниот систем за социјална заштита, во симулацијата ги вклучуваме новите карактеристики на системот, кои ги црпиме од Законите за социјална заштита и за заштита на децата.

Со вака дефинирани однесувања на доходот – и пазарниот и социјалниот – го поставуваме нашето основно сценарио. Со цел да ја провериме реалистичноста на вака дефинираните претпоставки, ја спроведуваме истата процедура како и во Петрески и др. (2020), според која го споредуваме годишниот расположлив доход на домаќинствата пред и по Ковид-19. Резултатите се прикажани во **Табела 1**, а и тие укажуваат на тоа дека под вакви претпоставки просечниот расположлив доход на домаќинството ќе се намали за 7.2% по Ковид-19.

**Табела 1:** Просечен годишен расположлив доход на домаќинството

| | |
|---|---|
| Пред ковид-19 (МКД) | 438,341 |
| По ковид-19 (МКД) | 406,630 |
| Разлика (%) | -7.2% |

***Извор:*** *Пресметки на авторите засновани на АКЖ 2017 репондерирана да ја рефлектира 2019 и МК-МОД.*

Со оглед дека ни треба независна проверка на овој пад, правиме кратка вежба во која го проценуваме падот на расположливиот доход при намалување на БДП за 1%, врз основа на серии симнати од Светските развојни индикатори на Светската банка. Врз таа основа, пресметавме еластичност од 1.66. Ова подразбира дека кога БДП се намалува за 1 процент, расположливиот доход се намалува за 1.66 проценти. Тековните предвидувања за падот на БДП во 2020 се движат меѓу 3.2% и 5.4%. Ова подразбира дека намалениот расположлив доход ќе се движи меѓу -5.3% и -8.9%. Нашата проценка од -7.2% е во склоп на овој ранг, со што валидноста на направените претпоставки ја сметаме за соодветна.

Во вториот дел од анализата, квантитативните наоди ги збогатуваме со квалитативен поглед. За таа цел, организиравме три фокус групи каде учествуваа вкупно 15 лица, чие регрутирање следеше структуиран тек. Тоа значи дека за учесници на фокус групите беа избрани лица кои за време на кризата искусиле намалување на личниот доход или семејниот приход или лица чија положба на пазарот на труд се променила под влијание на кризата предизвикана од коронавирусот Ковид-19. Дополнително, учесниците во фокус групите припаѓаа на една или повеќе од категориите ранливи лица, како жени, млади, приматели на социјална помош и/или неформални работници. Структурата на учесниците во фокус групите е прикажана на **Графикон 1**.

**Графикон 1:** Структура на учесници на фокус групи



## РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА ОД КВАНТИТАТИВНАТА АНАЛИЗА

### *Ефектите врз сиромаштијата*

Главните резултати се претставени во **Табела 2**, за неколку категории: за целата популација, според пол, млади (15-29), и според работен статус, и за три индикатори за сиромаштијата, едниот е релативната сиромаштија и два индикатора за апсолутната сиромаштија; и за еден индикатор за распоредот на доходот. Претставени се три блока од резултати: првиот ја рефлектира состојбата пред Ковид-19 и начелно ги одразува последнообјавените податоци за сиромаштијата (2018) од страна на Државниот завод за статистика, кои се базираат на Анкетата за приходите и условите на живеење (АПУЖ). На пример, вкупната релативна сиромаштија според АПУЖ е 21.9%, додека според нашата пресметка е 22.5%, со слична разлика во корист на мажите, како и слична дистрибуција според работниот статус. Стапките на апсолутна сиромаштија ги прикажуваме од причина што Ковид-19 кризата веројатно врши промена на медијалниот доход во однос на кој се пресметува релативната сиромаштија, што нема да биде случај со апсолутните линии (тие остануваат фиксни). Овие стапки ги објавува Светската банка и за 2017 година тие изнесуваат 4.6% и 19.5%, што се многу слични на нашите пресметки овде.

Вториот блок резултати ги претставуваат ефектите од кризата предизвикана од Ковид-19, сметајќи ја загубата на доходот која ја зема предвид помошта доделена од државата за зачувување на работните места. **Според ова, стапката на релативна сиромаштија поради Ковид-19 се зголемува за 1.2 процентни поени на 23.7%, што претставува околу 25.000 лица втурнати во сиромаштија како последица на пандемијата, и елиминирање на придобивките од нејзиното намалување во последните пет-шест години.** Поголем ефект од Ковид-19 кризата се согледува преку апсолутната сиромаштија, имајќи предвид дека таму дали едно домаќинство е сиромашно или не се определува според фиксен праг на сиромаштијата. Поконкретно, негативниот ефект од Ковид-19 врз апсолутната сиромаштија според линијата 5.5 УСД на ден (ПКС) изнесува високи 5.2 процентни поени. До ефект од слична магнитуда неодамна дојде и Светска банка (2020).[1] Според различните групи, ефектот од Ковид-19 е релативно еднакво распореден меѓу мажите и жените; додека тој е особено изразен кај младите лица (15-29), кај кои апсолутната сиромаштија (5.5 УСД) се искачува до 29%. Слично, Ковид-19 кризата релативно подеднакво влијаела врз релативната сиромаштија зависно работниот статус, односно кај сите три работни статуси нејзиниот пораст е до два процентни поени, додека набљудувано според апсолутната сиромаштија (5.5 УСД), ефектот од Ковид-19 е најнеповолен за невработените.

Во **Табела 2** интересен е ефектот од кризата врз апсолутната сиромаштија (1.9 УСД на ден). Тоа е т.н. екстремна сиромаштија. Според наодите, таа се намалува, што на прв поглед е чуден резултат. Но, ова движење се должи на фактот што помеѓу нашата почетна точка (пред Ковид-19) и крајна точка (по Ковид-19) настана реформа на системот за социјална заштита, преку зголемување на износите, интегрирање на повеќе видови социјални помошти и попрецизно таргетирање. Симулацијата ги користи контурите на новиот систем, додека состојбата пред Ковид-19 е рефлексија на стариот систем. Падовите кај апсолутната сиромаштија се комбиниран ефект од реформираниот систем на социјална заштита и од Ковид-19, кои дејствуваат спротивно (реформата ја намалува екстремната сиромаштија,




[1] Според Светската банка, Ковид-19 ќе изврши зголемување на апсолутната стапка на сиромаштија (5.5 УСД на ден) од стартните 17% на 20-23%.

а Ковид-19 ја зголемува), со нето ефект кој е поволен односно резултира со помала екстремна сиромаштија. Поради овој факт, нема да се базираме на движењето на екстремната сиромаштија пред наспроти по Ковид-19, туку повеќе ќе се интересираме за неа по олеснувањето на условите за стекнување гарантирана минимална помош.

Последниот блок од **Табела 2** е најважниот за нашата цел во овој бриф, односно ги сумира ефектите врз сиромаштијата од олеснетите услови за стекнување ГМП како една од мерките за одговор на кризата предизвикана од Ковид-19. Со оглед дека оваа интервенција на политиките ги таргетираше најсиромашните слоеви, релативната сиромаштија останува иста, додека апсолутната сиромаштија (5.5 УСД) забележува мал пад кај сите набљудувани групи кој се движи во опсегот 0.2 до 0.5 процентни поени. Но, особено се интересни резултатите кај екстремната сиромаштија (1.9 УСД).

**Се проценува дека олеснетите услови за стекнување ГМП како одговор на Ковид-19 кризата имаат потенцијал да придонесат за намалување на екстремната сиромаштија за околу една четвртина, односно да извлечат од екстремна сиромаштија околу 24 илјади лица.**

**Табела 2** ги претставува и ефектите од Ковид-19 и од олеснетите услови за ГМП врз распределбата на доходот, мерена според коефициентот Џини. Ковид-19 ја влошува распределбата на доходот, што е резултат на фактот што кризата посилно ги погоди пониските доходни слоеви. Потоа, олеснетите услови за ГМП го реверзираат овој тренд, односно го олабавуваат негативниот ефект врз доходната дистрибуција.

**Табела 2:** Ефекти од Ковид-19 и олеснетите услови за ГМП врз сиромаштијата

| | **Сите** | **Мажи** | **Жени** | **Млади (15-29)** | **Вработени** | **Не-вработени** | **Не-активни** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пред Ковид-19 | | | | | | | |
| **Релативна сиромаштија** (60% од медијален еквивалентен доход) | 22.5% | 22.4% | 22.5% | 27.8% | 10.2% | 40.2% | 22.5% |
| **Апсолутна сиромаштија** (1.9 УСД на ден, ПКС) | 4.7% | 4.6% | 4.7% | 7.2% | 0.5% | 12.3% | 4.7% |
| **Апсолутна сиромаштија** (5.5 УСД на ден, ПКС) | 18.5% | 18.2% | 18.6% | 23.4% | 7.7% | 33.9% | 18.5% |
| **Распоред на доходот** (Џини) | 32.1% | 32.1% | 32.1% | 34.4% | 27.2% | 35.6% | 32.1% |
| По Ковид-19 (загуба на доход) | | | | | | | |
| **Релативна сиромаштија** (60% од медијален еквивалентен доход) | 23.7% | 23.9% | 23.6% | 29.8% | 12.1% | 42.1% | 23.7% |
| **Апсолутна сиромаштија** (1.9 УСД на ден, ПКС) | 4.1% | 4.1% | 4.1% | 4.7% | 0.7% | 8.0% | 4.1% |
| **Апсолутна сиромаштија** (5.5 УСД на ден, ПКС) | 23.8% | 24.0% | 23.8% | 29.0% | 12.0% | 40.8% | 23.8% |
| **Распоред на доходот** (Џини) | 33.4% | 33.5% | 33.2% | 34.4% | 29.0% | 34.0% | 33.4% |
| По Ковид -19 (интервенција во ГМП) | | | | | | | |
| **Релативна сиромаштија** (60% од медијален еквивалентен доход) | 23.7% | 23.9% | 23.6% | 29.7% | 12.0% | 42.2% | 23.7% |
| **Апсолутна сиромаштија** (1.9 УСД на ден, ПКС) | 3.3% | 3.3% | 3.4% | 3.8% | 0.5% | 7.2% | 3.3% |
| **Апсолутна сиромаштија** (5.5 УСД на ден, ПКС) | 23.6% | 23.9% | 23.7% | 28.9% | 11.9% | 40.6% | 23.7% |
| **Распоред на доходот** (Џини) | 33.1% | 33.3% | 32.9% | 33.9% | 28.9% | 33.5% | 33.1% |

***Извор:*** *Пресметки на авторите засновани на АКЖ 2017 репондерирана да ја рефлектира 2019 и МК-МОД.*

***Проценетиот и реалниот трошок од мерката „олеснети услови за ГМП“***

**Табела 3** го претставува симулираниот (проценетиот) наспроти реално остварениот трошок за мерката „релаксирани услови за ГМП“. Симулацијата резултира со околу 27.5 илјади домаќинства (или околу 99 илјади лица) корисници на ГМП, додека во март 2020 остварувањето беше 28.2 илјади домаќинства (или околу 101 илјади лица), што го сметаме за разумно отстапување. Според нашата симулација, олеснетите услови за ГМП опфаќаат дополнителни 6.7 илјади домаќинства, односно 24 илјади лица додека остварувањето во периодот март-јули е само 4.3 илјади домаќинства со околу 15 илјади лица што живеат во нив. **Тоа значи дека потенцијалот на мерката е реализиран само во износ од 65%.** Ако се реализира во полн потенцијал, мерката би чинела дополнителни 7.5 милиони евра во однос на моменталното трошење. Министерството за труд и социјална политика исплаќа трошок (на годишно ниво) само за домаќинствата кои влегле во системот поради олеснетите услови во износ од 4.2 милиони евра. Тоа дополнително укажува на потискористеноста на мерката во износ од 56%. Оттука, **неопходно е владата итно да се заложи за искористување на потенцијалот на оваа мерка,** којшто веројатно е неискористен поради административни забавувања на процесот и недоволна информираност на населението за можноста да се влезе во системот на ГМП под олеснети услови за подобност.

***Резултати и дискусија од квалитативната анализа***

Резултатите од спроведените дискусии со ранливи категории граѓани укажуваат на бројни негативни последици предизвикани од Ковид-19 кризата.

**Прво**, голем број лица се соочиле со загуба на работното место. Особено често е губење на работното место на лица ангажирани во неформалната економија, но има и лица што биле формално вработени но го загубиле работното место заради целосно затворање на компанијата каде работеле.

*„Половина година пред да настане оваа криза, се вработив (формално) во една фирма која почна да се занимава со увоз и продажба на козметички производи. Како нов бизнис, убаво почна да се развива... полека, полека. Ама кога настана кризата, за еден месец продажбата не се намали, туку речиси воопшто и да ја немаше. Трошоците беа големи, не можеа да се покријат и веќе вториот месец, сопствениците нѐ викнаа нас, неколкумина вработени што бевме, и ни соопштија дека се принудени да го затворат бизнисот... И така го загубив работното место...“*

*„Пред Ковид-19 бев ангажирана како хигиеничарка (неформално)... жена која ја одржува хигиеанта во домовите... На дневна основа одев и работев. Пред Ковид-19 теравме некако со сопругот кој е молер. Ама откако се случи оваа криза со Ковид-19, јас речиси и да немам работа... Сега откако се олабавија мерките одам ретко, ретко ако ме викне некој. Ама многу слабо. Исто и сопругот. Сега малку од малку го ангажираат, зошто почнаа реновирања летниов период, ама не се споредува со други години... Не знам да ви кажам, многу лошо, многу лошо...“*

*„Работам во ресторан, и за разлика од моите колеги, јас немам потпишано договор за вработување.... Па, кога Владата донесе одлука за затворање на угостителските објекти, газдата ми кажа дека не сум повеќе потребен. А, знам дека на моите колеги продолжи да им дава плата... зеде помош од државата...“*

**Табела 3:** Трошок и покривање на мерката „олеснети услови за ГМП“

| | | **Годишен трошок (мил. ЕУР)** | **Покривање (домаќинства)** | **Покривање (лица)** |
|---|---|---|---|---|
| **Пред Ковид-19** | Симулација | 32.1 | 27,454 | 98,834 |
| | Остварување (јануари - март 2020) | 39.3 | 28,168 | 101,405 |
| **По Ковид-19** | Симулација | 39.6 | 34,125 | 111,880 |
| | Остварување (март – јули 2020) | 42.1 | 31,661 | 113,980 |
| **Дополнително влијание на Ковид-19** | Симулација | 7.5 | 6,671 | 24,016 |
| | Остварување (март – јули 2020) | 4.2 | 4,307 | 15,505 |

***Извор:*** *Пресметки на авторите засновани на АКЖ 2017 репондерирана да ја рефлектира 2019 и МК-МОД. Министерство за труд и социјална политика.*

**Второ**, изгубеното работно место директно довело до загуба на личниот доход и намалување на семејниот приход, внесувајќи страв дека во иднина семејствата ќе се соочат со потешкотии во задоволување на основните потреби, доколку семејниот буџет не се врати барем приближно на нивото од пред кризата.

*„Кога немаш вработување, немаш плата. Сега, кај нас само сопругот е вработен. Значи кај нас приходите се преполовија. Само со неговата плата, тешко дека ќе врземе крај со крај.“*

*„Бидејќи јас имав повисока плата пред да го загубам вработувањето, можам да кажам дека во моментов приходите во моето семејтво се сведени на една третина од она што претходно сме го заработувале со сопругата. Со две малолетни деца, не можеме да опстанеме долго време само со нејзината плата. Морам веднаш да најдам нова работа.“*

*„Јас живеам во поголема заедница. Нашето домаќинство има повеќе членови, па иако го загубив вработувањето, некако си помагаме... се чувствува промена, но не толку драстична. Но, тоа е сега за сега. Ако потрае ова, сигурно ќе почне да се чувствува недостигот од личен приход кон семејниот буџет...“*

**Трето**, кај лицата што го задржале своето работно место, честа појава е намалување на личниот доход, веројатно поради можноста на работодавачите во услови на виша сила да ги намалат платите и до 50% под законската минимална плата. Несомнено, првичниот ефект од намалениот доход е негативен, но со оглед на песимистичките изгледи и неизвесност, учесниците се среќни што не го загубиле доходот во целост.

*„Со сестра ми работиме во ист кафе-бар, за минимална плата. Во месеците кога барот беше затворен, земавме помала плата. Седевме дома и земавме плата. Добро е што воопшто земавме плата, инаку семејниот буџет ќе беше нула, со оглед што родителите се невработени. Ќе немавме за леб.“*

*„Уште во април добив помала плата од вообичаената. Ама добро, барем имав за основните потреби.“*

**Четврто**, особено изразен е ставот дека за време на рестриктивните мерки и карантинот воведени во насока на спречување на ширењето на вирусот Ковид-19, трошоците на живот се зголемија и доведоа до дополнително оптоварување на семејниот буџет, што заради гореспоменатиот пад или загуба на личниот доход, се намали кај голем број семејства. Оваа комбинација на зголемени трошоци и намалени приходи е причина за намален животен стандард кај многу семејства.

*„Поради карантинот и затворање дома, се зголемија и трошоците во домаќинството. Овој период многу трошевме за храна и за сметки... а останавме со една плата. Стравувам дали зимава ќе имаме пари за сметки, за друго да не спомнувам.“*

*„Приходите се намалија, трошоците зе зголемија... Може и претходно сме трошеле, кога сум одел на работа, децата на училиште, ама искрено овие месеци не забележав дека заштедуваме со тоа што сме дома. Напротив, многу повеќе трошиме за храна и струја, а намалени ни се приходите... Сега и со поскапувањево на струјава, тешко нас!“*

**Петто**, кризата предизвикана од Ковид-19 ја зголеми потребата за државна помош на поединци и семејства, во форма на еднократна помош и/или континуирана социјална заштита. Државната помош во форма на картички за купување домашни производи и картички за студенти, генерално е оценета позитивно во насока на задоволување на дел од основните потреби што биле под ризик поради загубениот или намален доход, но свесноста и информираноста на населението за олеснетите критериуми за влез во системот на ГМП или за користење на надомест во случај на невработеност се многу ниски.

*„Овие ваучерите од владата, нам добро ни дојдоа. Барем покривме некоја сметка и едно одење до маркет. Во ова време тоа и не е баш малку.“*

*„Дома добивме три картички за домашни производи, а синот зеде картичка за студенти. Со тие пари преживеавме еден месец. Замислете што ќе правевме без нив...“*

*“Јас сум невработена 10 години, живееме со пензијата од сопругот од 11.000 денари. Со ваучерот од Владата од 9.000 денари, ни се дуплира приходот. Многу ни помогна.“*

*„Државата да најде начин да не заштити нас што го изгубивме работното место заради кризата. Без социјална помош и без плата, ќе бидеме на раб на егзистенција.“*

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКА ЗА ПОНАТАМОШНО РЕЛАКСИРАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ГМП

Анализата во овој бриф покажа дека Ковид-19 има моќ да втурне дополнителни 25 илјади лица во релативна сиромаштија, додека ефектот врз апсолутната сиромаштија (5.5 УСД на ден) е поголем и е проценет на дополнителни 100 илјади лица втурнати под овој праг. Ваквиот ефект живописно се согледа низ приказните од лицата кои искусиле пад или губење на доходот поради Ковид-19. Ефектот од мерката „олеснети услови за ГМП“ е проценет за позитивен во делот на намалување на апсолутната сиромаштија (1.9 УСД на ден), со моќ да извлече околу 24 илјади лица од екстремна сиромаштија. Но, ова е теоретскиот потенцијал на мерката, којшто во реалноста е искористен најмногу до 65% и потребна е ургентна акција од властите за искористување на нејзиниот потенцијал.
Една од главните причини за подискористениот потенцијал на оваа мерка е недоволната информираност на населението, прво општо за мерката ГМП, а уште помалку за олеснетите услови за влез во системот. Тоа е заклучено и низ дискусиите со учесниците во фокус групите, кои најчесто ГМП го поистоветуваа со еднократната помош што Владата им ја додели во форма на картички за купување домашни производи и/или за туризам.

Имајќи ја предвид моќта на олеснетите услови за ГМП да искоренат една четвртина од екстремната сиромаштија, што е добар резултат воопшто, а особено во услови на Ковид-19 криза, како и фактот дека потенцијалниот трошок за мерката од 7.5 милиони евра е помалку од една десеттина од трошокот на владата за, на пример, мерката „14.500 денари по работник“, неопходно е да се размисли за понатамошно олеснување на условите за стекнување право на ГМП.

**Предлог 1: Важењето на олеснетите услови за влегување во системот на ГМП треба да продолжи низ целата 2021.**

Со оглед дека ефектите од Ковид-19 ќе бидат пролонгирани споредено со иницијалните очекувања, важењето на мерката во нејзината моментална форма треба да биде продолжено.

**Предлог 2: Воведување времен додаток на ГМП во износ 1/3 од моменталниот износ од 4.300 денари по единица корисник и подигнување на доходниот праг за подобност за 1/3.**

Зголемувањето на износот ќе овозможи ефектите од мерката да ги почувствуваат и постојните приматели на социјална помош, а не само оние кои стекнале право на влез во системот во време на кризата. Ова е важно од перспектива дека постојните приматели може да се соочиле со де-факто влошување на доходната состојба, ако претходно биле дел од неформалната економија, примале дознаки или некој друг редок и повремен доход.

Зголемувањето, пак, на доходниот праг, ќе овозможи подобни за мерката да бидат не само најсиромашните домаќинства, туку и оние кои не неопходно се најсиромашни туку се квалификуваат како мошне ранливи.

**Табела 4** ги претставува ефектите од предлогот врз сиромаштијата. Се забележува дека предлог-дополнителното олеснување носи дополнителни позитивни ефекти врз сиромаштијата, а сега ефектот е видлив и кај релативната и кај апсолутната сиромаштија (5.5 УСД), дополнително на екстремната сиромаштија (1.9 УСД). Ова се случува бидејќи предложеното дополнително олеснување ги таргетира не само најсиромашните туку и оние што се наоѓаат нешто над најсиромашните и се квалификуваат како ранливи.

**Оваа предлог-дополнителна интервенција е проценета на дополнителни 6 милиони евра, со покривање од дополнителни скоро 13 илјади домаќинства.** Забележуваме дека со нешто помал дополнителен износ на средства се покриваат двојно повеќе дополнителни домаќинства, што е резултат на намалувањето на ранливоста на домаќинствата како што се зголемува прагот кој определува подобност за влез во системот.



**Табела 4:** Ефекти од предлог за дополнително олеснување на условите за ГМП врз сиромаштијата

| | Сите | Мажи | Жени | Млади (15-29) | Вработени | Не-вработени | Не-активни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| По Ковид -19 (интервенција во ГМП) | | | | | | | |
| **Релативна сиромаштија** (60% од медијален еквивалентен доход) | 23.7% | 23.9% | 23.6% | 29.7% | 12.0% | 42.2% | 23.7% |
| **Апсолутна сиромаштија** (1.9 УСД на ден, ПКС) | 3.3% | 3.3% | 3.4% | 3.8% | 0.5% | 7.2% | 3.3% |
| **Апсолутна сиромаштија** (5.5 УСД на ден, ПКС) | 23.6% | 23.9% | 23.7% | 28.9% | 11.9% | 40.6% | 23.7% |
| **Распоред на доходот** (Џини) | 33.1% | 33.3% | 32.9% | 33.9% | 28.9% | 33.5% | 33.1% |
| По Ковид -19 (предлог понатамошна интервенција во ГМП) | | | | | | | |
| **Релативна сиромаштија** (60% од медијален еквивалентен доход) | 23.6% | 23.8% | 23.5% | 29.7% | 12.0% | 42.0% | 23.6% |
| **Апсолутна сиромаштија** (1.9 УСД на ден, ПКС) | 3.2% | 3.1% | 3.2% | 3.7% | 0.5% | 6.7% | 3.2% |
| **Апсолутна сиромаштија** (5.5 УСД на ден, ПКС) | 23.6% | 23.8% | 23.6% | 28.9% | 11.9% | 40.3% | 23.7% |
| **Распоред на доходот** (Џини) | 32.8% | 33.1% | 32.7% | 33.5% | 28.8% | 32.8% | 32.9% |

***Извор:*** *Пресметки на авторите засновани на АКЖ 2017 репондерирана да ја рефлектира 2019 и МК-МОД.*

**Графиконот 2** ги претставува дистрибутивните ефекти од олеснувањето и предлог-дополнителното олеснување на ГМП и покажува дека двете интервенции главно ги таргетираат првите два децили од населението со благо поголемо влијание на предлог дополнителното олеснување кај вториот децил.



**Графикон 2:** Дистрибутивниот ефект од олеснувањето и предлог дополнителното олеснување на ГМП




***Извор:*** *Пресметки на авторите засновани на АКЖ 2017 репондерирана да ја рефлектира 2019 и МК-МОД.*

## РЕФЕРЕНЦИ

Petreski, M. & B. Petreski & A. Tomovska Misoska & M. Gerovska Mitev & M. Parnardzieva Zmejkova & V. Dimkovski & N. Morgan, 2020. “The Social and Economic Effects of Covid-19 on Children in North Macedonia: Rapid Analysis and Policy Proposals,” Finance Think Policy Studies 2020-07/30, Finance Think - Economic Research and Policy Institute.

Светска банка (2020) Редовен Економски Извештај За Западен Балкан бр.17 Економско и социјално влијание од КОВИД-19. Сиромаштија и добросостојба на домаќинствата.

Уредба со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба (2020) Службен весник на Република Северна Македонија бр.89 од 3 април 2020.



FINANCE THINK OUT OF THE BOX

HR EXCELLENCE IN RESEARCH

**Finance Think** е Институт за економски истражувања и политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да го подобриме влијанието на економските и социјалните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку економски истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Истражувањето на Finance Think им помага на носителите на политиките, застапниците на политиките, креаторите на мислење, економските новинари и јавноста да ги разберат прашањата кои влијаат врз обичните граѓани.

Ул. Фредерик Шопен 1/2,
1000 Скопје
+389 2 6156 168,
www.financethink.mk,
info@financethink.mk

Проектот е поддржан од:

Влада на Република Северна Македонија